Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-343/1
17.03 2020 год.
ПРОБИШТИП

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Единица на локална самоуправа | Општина Пробиштип |
| Изработил (име, презиме и функција) | Анкица Кијајова, Соработник за заштита на деца и здравствена заштита,<br>Координатор за еднакви можности на општина Пробиштип |
| Период на известување | За 2019 година |
| Датум на поднесување на извештајот | 17.03 2020година |

Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

Потпис:
Дата, 17.03 2020г

Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика

Име Презиме (**на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот**) :

Потпис:

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)

А) Позитивни
Б) Охрабрувачки
В) Програмски

2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:

- Правилник за остварување на правото на партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во детската градинка донесен од страна на советот на општина Пробиштип
- Формирано Советодавно тело за млади од страна на совет на општина
-Ангажирање на логопед за децата со проблеми во говор и глас
-Ангажирање на ортопед за доенчиња и мали деца
-Ангажирање на наставник по физичко воспитание и образование за учениците од прво до петто одделение
-Еднократна парична помош за секое новороденче
-Еднократна парична помош за лица во социјален ризик преку реализирани барања за еднократна парична помош поднесени до совет на општина
-Остварување на право на партиципација за дете од самохран родител во ЈОУДГ„Гоце Делчев"
-Остварување на право на партиципација за деца со посебни потреби кои престојуват во детската градинка
-Ангажирани тројца образовни асистенти во воспитно образовен процес
-Реализирана програма во соработка со аврм и ундп за работно ангажирање на лица за извршување на јавни работи.
-Адаптација на детска градинка . Отворен РЕ„Детелинка„ во склоп на ЈОУДГ„Гоце Делчев" .
-Изградба на пристапни патеки за инвалидни лица во детската градинка.
-Изготвен акциски план за извршување на јавни работи за општина Пробиштип за 2019 година ,
- Организирана исхрана за учениците од 6-10 години на иницијатива на Општина Пробиштип во соработка со ЈОУДГ„Гоце Делчев" и основните училишта
-Потпишан меморандум за соработка со Женска граѓанска асоцијација Антико Скопје
-Изготвена стратегија за еднакви можности на жените и мажите 2020-2024г
-Изготвен акциски план за еднакви можности на жените и мажите за период 2020-2021година
-Стратегија за Меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост во општина Пробиштип
- Субвенционирање на сметки за комунални услуги спрема ЈКП Никола Карев за лицата со оштетен вид, а членови на Здружение на слепи лица
-Поставена хоризонтална и вертикална сигнализација во централното градско подрачје и во ООУ„Браќа Миладиновци" и ООУ„Никола Карев"
-Инсталација на фотоволтаични системи во рурални општини –ООУ„Браќа Миладиновци", ООУ„Никола Карев", ЈОУДГ „Гоце Делчев" во Злетово.
-Реконструкција на улици во рурални средини
-Изградба на енергетски ефикасно улично осветлување
-Доделување на Признание на најдобрите во најразлични спортови со мотивација за поголеми успеси
-Реализирана програмата за спорт. Формирани спортски здруженија и училишни спортски друштва
-Програмски активности од ОО„Црвен крст" во програмата за социјална , детска и здравствена заштита од социјално-хуманитарни и здравствено-превентивни дејности за 2019 година.

-Потпишан Меморандум за соработка со Здружение на граѓани „Ромски ресурсен центар“ Скопје
-Реализирана програма за работа на Општинскиот Совет за превенција од малолетничко престапништво на општина Пробиштип
-

2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):

-Опфатени деца кои престојуват во детската градинка а согласно Правилникот за остварување на правото на партиципацијата за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип со број 26-141/7 од 08.02 2019година). ЈОУГД „Гоце Делчев“ Пробиштип до општина Пробиштип доставува Извештај за остварено право на партиципација во јавна установа изготвен од страна на Комисија за прием на деца, а врз основа на поднесени барања за остварување на правото на партиципацијата за деца со посебни потреби и деца согласно Правилникот за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца (Сл.Весник на РМ бр.19/14 и 48/18) и Законот за заштита на децата (Сл.Весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18). ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип до општина Пробиштип доставува Извештај за остварено право на партиципација во јавна установа изготвен од страна на Комисија за прием на деца, а врз основа на поднесени барања за остварување на правото на партиципацијата во трошоците за згрижување на дете од семејство на самохран родител со плата и други месечни приходи во износ од минималната плата утврдена со закон.
-Опфатени деца, ученици со проблеми во говор и глас
-Опфатени се ученици од прво до петто одделение за спортски активности на часовите
-Поднесени барања за новороденче
-Доделени пакети со прехрамбени продукти за лица во социјален ризик
-Пуштена во употреба нов клон РЕ„Детелинка„ во склоп на ЈОУДГ„Гоце Делчев“ . Решен децениски проблем за згрижување на деца во најголемата населба во Пробиштип .
На барање на родителите општина Пробиштип во соработка со ЈОУДГ„Гоце Делчев“ и основните училишта се врати организиранaта исхрана за учениците од 6-10 години.
-Преку програмата окр 2019 година ангажирани се тројца образовни асистенти за учениците инклузирани во редовна настава,.
-Регистрирано советодавно тело основано со цел младите да се вклучат во јавниот живот.Советот на млади на општина Пробиштип, е главниот претставник и гласот на младите пред локалните власти, кое предлага активности и проекти кои придонесуват за поголема афирмација на младите.Членови од нво, учеснички совети, студентски совети и др облици на организирање на младите.
-Поднесени барања за еднократна помош од лица во социјален ризик, за лекување, болест, ослободување од надоместок за потрошена вода-за лица со оштетен вид,
-Формирани спортски друштва и спортски здруженија. Спорстко друштово кошарка женски и Вадо карате во соодност машки – женски 50:50. Здружението на училишни спортски друштва на Пробиштип ќи опфаќа училишните спортови мегу кои кошарка и одбојка – женски.
-Доделување на Признание на најдобрите во најразлични спортови со мотивација за поголеми успеси.Избран спортист на годината , плакета за животно дело, Плакета за трајни вредности во спортот, Најдобро спортско здружение, Особен придонес во одбојка, кошарка фудбал машки и женски.
-Реализиран акционен план за извршување на јавни работи во општина Пробиштип, - Реализирана програма преку ундп и аврм за ангажирање на 7 лица за извршување на јавни работи.
-Со цел финансиска подршка на граѓанскиот сектор, здруженијата на граѓани се опфатени во Програмата за локален економски развој и заштита на животната средина, Подпрограма за подршка на здруженија на граѓани во општина Пробиштип. Со оваа Подпрограма се воспоставени процедури за финансиска подршка на здруженијата на граѓани преку објавување на Јавен конкурс за предлог проекти од граѓанскиот сектор, на кој здруженијата на граѓани поднесуваат проекти до Одделението за ЛЕР и заштита на животната средина. Здруженијата на граѓани во општина Пробиштип кои активно работат

здруженијата на граѓани и координатори на проекти.
-Инсталација на фотоволтаични системи со средствата од Европската Унија во рурални општини –ООУ„Браќа Миладиновци", ООУ„Никола Карев", ЈОУДГ „Гоце Делчев" во Злетово. Со овој проект се зголеми и бројот на користени обновливи извори на енергија, согласно стратешките напори на Владата за поттикнување на користење на обновливи извори на енергија и заштита на животната средина. Со набавката и инсталацијата на фотоволтаичните системи сите три објекти произведуваат по 15kW електрична енергија на час, со што се направија значајни заштеди кај овие објекти, воедно директно се намалауваат трошоците на Општината.
-Намалување на сообраќаен метеж и поголема безбедност на сите учесници во сообракајот
Потпишан Меморандум за соработка помеѓу РРЦ и Општина Пробиштип каде искажуваат интерес да изградат партнерство во спроведување на заеднички активности со цел да изнајдат најефективни можности за искористување на расположливите ресурси за развојните приоритети на државата за инклузија и интеграција на ромската заедница, согласно Националната стратегија за Ромите во Република Македонија 2014 - 2020 година како и периодот после 2020 согласно новата стратегија.

-Потпишан меморандум за соработка помеѓу општина Пробиштип и женската граѓанска иницијатива АНТИКО Скопје. Целта е воспоставување на меѓусебна соработка во насока на давање предлози, мерки и поддршка , во согледување на клучните прашања кои би требало да се опфата во инкорпорирањето на родовата перспектива-во локалните стратегии, програми и планови.

- Програмски активности од ОО„Црвен крст" во програмата за социјална , детска и здравствена заштита од социјално-хуманитарни и здравствено-превентивни дејности за 2019 година. По повод Неделата на солидарноста организирана собирна акција, подготовка и диструбија на собраната помош и извршена поделба на помош на 8 стари изнемоштени лица и 18 социјални семејства.
-Одбележана Неделата за грижа на старите лица во соработка со Општина Пробиштип и Здружението на пензионери Пробиштип каде се реазлизираа низа активности. Беа посетени 20 стари изнемоштени лица во 6 рурални средини и корисници на социјални пензии и им беа доделени пакети со прехрамбнени продукти и хигиенски средства. Се организираа и предавања во пензионерскиот дом со цел поттикнување и здраво стареење на здравствено –превентивни теми од страна на стручни лица.
-Беше оддржано предавање на тема адекватна заштита од кражби и измами. Оваа активност се организира во соработка со Полициската станица Пробиштип каде стручно лице одржа предавање.
- Реализариани беа и 50 прегледи на стари лица со мерење на шеќер во крвта и крвен притисок и пружање на здравствено-превентивни совети. Неделата беше успешно заокружена преку заеднички друштвени игри помеѓу Клубот на млади при Општинската организација Црвен крст Пробиштип и пензионерите од Здружението на пензионери Пробиштип.
-Одбележана Неделата на глатта. Беше извршена дистрибуција на пакети со храна и хигиенски средства, пакети со облека и обувки и постелнина на социјални семејства повеќето во рурални средини. Посетени беа 8 села . Во училиштата беа набавени 30 пакети со училишен прибор наменети за деца од социјални семејства во соработка со психолошко –педагошката служба во училиштата.
-Беа реализирани врснички едукации, работилници на теми- Превенција од болести на зависност во месец ноември и Сексуално преносливи болести .
Од добиениот извештај од ОО„Црвен крст" Пробиштип по програмата за крводарителство за 2019 година реализирани се 13 крводарителски акции , одбележување на јубилејни крводарители по повод 14 јуни Светскиот ден на крводарувањето

-Одржани две работилници за изготвување на акциски план на стратегијата за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип

-Одржани две дводневни работилници со цел градење на капацитетите на структури на елс и нво за партиципативно учество и активна соработка во креирање на родово сензитивни политики.

2.4. Дали имате предвидено показатели, индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])

-Спортски активности кај учениците од прво до петто одделение , вкупно 200 ученици
-Реализирани ортопедски прегледи за доенчиња и мали деца. Прегледани вкупно 140дечиња на возраст до 3 години
-Реализирани логопедски прегледи за деца со проблеми во говор и глас. Вкупно 20 деца на училишна возраст и едно на предучилишна возраст кое не посетува градинка.
-Поднесени 95 барања за новороденче од кои 45 машки 50 женски
-Реализирани 40 барања за еднократна парична помош, одобрени финансиски средства на лица во социјален ризик и за лекување.
-Изготвени решенија за остварено право на партиципација согласно правилник за ослободување од право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев" за дете од самохран родител и дете со посебни потреби
-Во новиот клон РЕ„Детелинка„ во склоп на ЈОУДГ„Гоце Делчев", Вкупно 52 деца од кои 27 машки и 25 женски.
Корисници на организираната исхрана за учениците од 6-10 години.Вкупно 260 деца добиваат оброк.
-Доделени вкупно 52 пакети со прехрамбени продукти список доставен од центар за социјална работа.Вкупно 42 корисници се на гарантирана минимална помош од кои 27мажи и 15 жени и 10 корисници на социјална пензија од кои 9 жени и 1 маж.
-Преку програмата окр 2019 година вкупно се ангажирани 3 лица од женски пол а крајни корисници се 3(тројца) од кои 1 машки и 2 женски.
-Исто така преку истата програма во соработка со АВРМ, имаше ангажирано лица за јавни работи, вкупно беа ангажирани 7 лица од кои 5 мажи и 2 жени
-Согласно акциониот план на општината ангажирани 10 лица за извршување на јавни работи од кои 6 мажи 4 жени.
- Советот на млади брои вкупно 5 члена од кои 4 женски и 1 машко.
-Формирани 7 спортски друштва и едно спортско здружение
-Активно работат вкупно 24 активни граѓански здруженија
- Со програмски активности од ОО„Црвен крст" во програмата за социјална , детска и здравствена заштита од социјално-хуманитарни и здравствено-превентивни дејности за 2019 година опфатени 50 стари лица за лекарски прегледи, на 28 стари изнемоштени лица доделени пакети со прехрамбени продукти, опфатени 18 социјални семејства , 6 рурални средини.Реализирани 13 крводарителски акции.
-Од страна на женската граѓанска организација АНТИКО одржани две работилници со присуство на 22 лица од нво , општиснака администрација и комисија за еднакви можности
-Одржани и две дводневни обуки каде присуствуваа вкупно 17 лица исто така од општиснака администрација и комисија за еднакви можности

2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:
/

2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :
-Преземени иницијатива за изработка на стратегија за еднакви можности на жените и мажите за период 2020-2024 година и акциски план за период 2020-2021 година.

---

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

Изработката на стратегијата беше иницирана, фацилитирана и поддржан од Проектот - „ГО-Промотори на дијалог, акција, креирање локални политики“ финансиран од програмата Цивика мобилитас, а имплементиран од ЖГИ АНТИКО, Скопје
-Изработка на Стратегија за Меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанската вклученост во општина Пробиштип

2.7.Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):

Одржани две дводневни обуки и две еднодневни работилници и два состанока фацилитирани од страна на надворешен обучувач/фасилитатор, ангажиран во рамките на проект на ЖГИ АНТИКО. На овие работилници учествуваа по пет претставници од општинската администрација и членови на Комисијата и пет претставници од локални невладини организации и засегнати страни, кои преку работа во групи ги истакнаа приоритетните потреби за развој и унапредување на родовата еднаквост на жените и мажите во Општина Пробиштип.

-Успешно реализирани работилници и проекти со вклучени страни: нво, јавен и приватен сектор. Поставени мерки и активности за заштита на животна средина во општината како и за локален економски развој, реализиран акционен план за извршување на јавни работи, реализирана програма општинско корисна работа, реализирани барања од граѓани, реализирани активности по програми.

2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори

-Опфатени 41 луѓе претставници од општинската администрација, членови на Комисијата и претставници од локални невладини организации, граѓани на општина Пробиштип во изработка на овој стратешки документ.

2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот

Во прилог:
- Одлука за Страгетија за еднакви можности на општина Пробиштип
-Одлука за усвојување на Стратегија за Меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанската вклученост во општина Пробиштип

2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?

Општина Пробиштип соработува со нво од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување, економијата, работните односи и вработувањето, културтата спортот, развој на туризам, заштита на животна средина,образование и социјална заштита и им овозможува на сите активно вклучување во сите активности. Исто така соработува со институците на локално ниво, детска градинка, училишта, МТСП.

2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?

а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси
* приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)

Во прилог табеларен приказ со број на вработени во општина Пробиштип поделени по пол и звање.

б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)
* приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.

Општина Пробиштип располага со податоци разделени:
-Податоци за раководни места и позиции во општина Пробиштип
-Податоци за вкупно вработени во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ и деца запишани во детската градинка
-Податоци за вкупно вработени и ученици во основни и средни училишта
-Податоци за вкупно вработени во ЈКП„Никола Карев“, Дом на култура“Злетовкси рудар“
-Податоци за вкупно активни и пасивни баратели на работа
-Податоци за членови на совет на родители, училишен и управен одбор
-Податоци за членови на совет на општината
-Податоци за членови на координативно тело за борба против семејно насилство
-Податоци за членови од комисија за унапредување на правата на пациентите
-Податоци за членови од локален совет за превенција од советот на општината
-Податоци за членови во совет за заштита на потрошувачите
-Податоци за членови на синдикат
-Податоци од стратегија за образование 2015-2019 година и се направени истражувања за состојбите во образованието.

Со Стратегијата за образование опфатени се 1107 испитаника од кои 534 ученика, 111 наставника и 462 родители. Од направените анализи соодносот е 32%машки и 68%женски пол. Направена е SWOTанализа на прашалници за наставници и родители во кои учествуваа 55 наставника од кои 41 жени и 14 мажи и 172 родители од кои 37% мажи и 63% жени.

Направена е анкета и во СОУ„Наум Наумовски Борче“ Пробиштип. Анкетирани вкупно 31 наставник од кои 15 жени и 16 мажи,150 ученици од кои 84 женски и 66 машки и 80 родители од кои 48 жени и 32 мажи.
(Податоците се земени од Стратегијата за образование 2015-2019 година во Пробиштип

**Во прилог табеларен приказ.**

2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?

ДА

2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:

а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период

б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план

в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)

г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?

Одлуката за усвојување на Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите во Пробиштип за периодот 2020 – 2024 година на совет на општината на седница оддржана на ден 28.01 2020 година е изработена со учество на сите засегнати страни во областите на делување на стратегијата: претставници на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип , претставници на администрацијата на Општина Пробиштип, претставници на невладиниот сектор и граѓаните од општината.

Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, Скопје, (ЖГИ АНТИКО) потпиша Меморандум за соработка со Општина Пробиштип, и даде стручна поддршка преку ангажирање на надворешен експерт, кој го фацилитираше партиципативниот процес на развивање на Нацрт Стратегија (2020-2024) и Нацрт Акцискиот план за еднакви можности за жените и мажите на Општина Пробиштип ( 2020-2021) во рамки на проектот „ГО-Промотори на дијалог, акција, креирање локални политики“ финансиски поддржан од програмата Цивика Мобилитас.

Акцискиот план ќе се имплементира во период 2020-2021 година преку следните стратешки цели:

Стратешка цел 1: Зајакнати капацитети на Комисијата за еднакви можности на Општина Пробиштип целосно воведен родов пристап во креирањето на локалните политики и буџети

Стратешка цел 2: Мапирани потреби во институциите (користење и ажурирање база на податоци за потребите на општината во делот на родовата застапенсот во образование, детска заштита, здравство , култура,спорт, социјална заштита

Стратешка цел 3: Подобрена економската состојба на сите граѓани, со акцент на оние кои се засегнати со одредени родово сензитивни прашања

Стратешка цел 4: Промовирана/Препознатливост на реализација на активности на Комисијата за еднакви можности, на регионално и национално ниво и реализација на активнсоти за еднакви можности на жените и мажите на општиан ПРобиштип

Стратешка цел 5: Коалиција на мрежи, вмрежување за еднакви можности помеѓу жените и мажите во општина Пробиштип и на Комиисите за еднакви можности со соодветни партнери (комисии, невладини организации и бизнис сектор) на локално, регионално и државно ниво

2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?

Координаторот за еднакви можности на жените и мажите работи со решение за определување на координатор за еднакви можности на мажите и жените во општина Пробиштип.Координатор-Соработник за здравствена заштита и заштита на деца.

2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период

се јавил/а како:

а) слушател/слушателка

б) обучувач/обучувачка

| |
|---|
| 2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:<br>-Обука за справување со дискриминација на говор и омрза за државните службеници<br>-Присуство на работилница организирана од страна на АНТИКО за стратегија за еднакви можности<br>-Инфо работилница во рамки на програмата општинско-корисна работа<br>-Присуство на седница на комисија за еднакви можности во собрание на рм |
| 2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)<br>Ве молиме опишете<br>-Добиените знаења се пренесуваат преку дискусија, размена на искуство од посетените теми на раководителот на одделението на јавни дејности. |
| 2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?<br>Координаторот за еднакви можности ги изготвува следните програми каде истите ги доставува до мтсп:<br>-Подготовка на програма за работа за социјални и други потреби, програма за социјална здравствена и детска заштита<br>-Подготовка на програма за работа на комисијата за еднакви можности<br>-Програма за работа на општински совет за малолетничко претстапништво<br>-Акционен план за изградба на пристапни рампи, лифтови, подвижни платформи во општина Пробиштип<br>-Учество во имплементација на проекти од МТСП во соработка со Центар за социјална работа<br>-Учество во изготвување на стратегија за еднакви можности на жените и мажите<br>-Учество во реализација активности во областа на културата, спортот -согласно програмата за празници манифестации во општина Пробишти |
| 2.19.Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?<br>**Реализирање на активностите предвидени во програмата за работа.**<br>-Сите програми се усвоени на совет |

| |
|---|
| **3.1.** Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?<br>-Надминување на стереотипното размислување дека работата на координаторот на еднакви можности е неважна. |
| **3.2.** Споделете пример за добра или лоша пракса<br>-Изработката на стратегијата за еднакви можности на жените и мажите и изготвувањето на акцискиот план за еднакви можности |
| **3.3.** Наведете примери за научени лекции<br>-Координацијата и добрата волја за соработка со институциите е од големо значење за спроведување на законската регулатива за еднакви можности |

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

| |
|---|
| **4.1.** Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)<br>-Во наредниот период ќе се реализраат активностите согласно предвидените во акцискиот план за еднакви можности на жените и мажите. |

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

| |
|---|
| **5.1.** Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите<br><br>Во 2005година<br>5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:<br>а) Пол<br>б) Образование<br>в) Етничка припадност<br>г) Припадност на политичка па и недискриминацијартија<br>Комисијата за еднакви можности на мажите и жените на општина Пробиштип(Комисија за еднаквост меѓу половите) е составена од пет члена и тоа четири жени од кои сите се со завршено високо образование и еден маж со завршено високо образование, членови на советот на општината, по националност македонци, членови на постоечките политички партии и тоа двајца од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, еден од ДОМ и од двајца од политичката партија на СДСМ. |
| 5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:<br>а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа |

б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа

в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа

Членовите на комисијата за еднакви можности се членови на Советот на општината и учествуват во донесувањето на програмите за работа, буџетот на општината и иницијативи и предлози во корист на општината.

5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?

-Програма за работа на комисијата за еднакви можности за 2020 година

5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?

Да

5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.

Комисијата има оддржано комисија пред совет за усвојување на извештај од реализирани активности за претходна година и записник за програмата за работа на комисијата за еднакви можности за 2020 година.(во прилог)

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:

а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС

-Соработка со координаторите за еднакви можности преку организирање на зеднички обуки во организиација на претставници од МТСП Сектор за еднакви можности

-Систематизација на координаторот за еднакви можности како административен службеник

б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми

Организирање на едукативни трибини, работилници, давање насоки за водење на родовата статистика.